ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр. 02-2536/4
31.10 2024 год.
ОХРИД

# ЈП.“ВОДОВОД“ - ОХРИД

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
# на ЈП Водовод Охрид за периодот 01.07.2024-30.09.2024 година

**Октомври, 2024 г.**

**I.Основни податоци за “ЈП Водовод”Охрид**

ЈП“Водовод” Охрид е јавно претпријатие со основна дејност собирање, обработка и снабдување со вода за пиење, како дејност од јавен интерес. Претпријатието е основано од Општина Охрид и е правен следбеник на МЈП Проаква Струга. Имено, ЈП Водовод Охрид е основано во постапка за поделба на МЈП Проаква Струга како правен претходник, согласно Законот за трговски друштва, по пат на комбинирана поделба со раздвојување со основање и раздвојување со преземање, како резултат на која поделба се основани три нови посебни јавни претпријатија и тоа: ЈП Водовод Охрид, ЈП Водовод и канализација Струга и ЈП Колекторски систем Скопје. Поделбата е извршена согласно План за поделба, заверен во форма на Нотарски акт ОДУ.бр.721/19 од 04.11.2019 година на Нотар Васил Кузманоски од Охрид и соодветни одлуки на Советите на Општините Охрид и Струга, како основачи на правниот претходник. Статутот на претпријатието е донесен на 04.02.2020 година од страна на Управниот одбор на ЈП со одлука бр.02-230/2 од 04.02.2020 година, на која е дадена одлука за согласност од Советот на општина Охрид бр.08-1997/17 од 26.02.2020 година. Согласно Законот за јавни претпријатија и Статутот, органи на управување на претпријатието се: Управниот одбор, Директорот и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење. Управниот одбор се состои од 7 (седум) членови, а Надзорниот одбор се состои од 5 (пет) членови. Членовите на одборите соодветно се именуваат со одлука на Советот на Општина Охрид, со мандат од 4 (четири) години. Со претпријатието раководи Директор, кој го избира и именува Градоначалникот на Општина Охрид, во постапка уредена со закон, со мандат од 4 (четири) години.

Во периодот од 01.07.2024-30.09.2024 година, Управниот одбор одржа 3 (три) седници, а Надзорниот одбор 1 (една) седница.
Со одлука бр.02-11999/9 од 30.09.2024 на Советот на Општина Охрид, членот на Управниот одбор Костески Мите е разрешен од функцијата член, на негово барање.

Согласно Правилникот за внатрешна организација бр.01-1011/4 од 12.06.2020 година и Правилникот за систематизација на работните места бр.01-1011/6 од 12.06.2020 година на ЈП Водовод Охрид, основни организациони единици во кои е организирано претпријатието се кабинет на Директорот, сектори, одделенија и оддели и тоа:

**КАБИНЕТ НА ДИРЕКТОРОТ:**

1 Помошник директор за економско-финансиски работи
2. Помошник директор за квалитет, планирање, ИТ и развој
3. Советник на директорот
4. Самостоен референт – секретар на директорот
5. Возач на директор

**1.СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

1 1 Одделение за општи и правни работи
1.2 Одделение за човечки ресурси
1.3 Одделение за односи со јавност

**2.СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА**

2.1 Одделение за сметководство
2.2 Одделение за план и анализа
2.3 Одделение за наплата-домаќинство
2.4 Одделение за наплата-стопанство
2.5 Одделение за теренско-техничка контрола и исклучување
2.6 Одделение за АОП
2.7 Одделение за јавни набавки

## 3.СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ, ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

3.1 Одделение за технички работи и услуги
3.2 Одделение за електро-машински работи
3.3 Одделение за одржување, реконструкција на водоводна мрежа, баждарница и приклучоци
3.4 Одделение за одржување на механизација и возила.
3.5 Одделение за обезбедување и ПП заштита

***Флуктуација на вработени во ЈП во периодот 01.07.-30.09.2024 година***

| **Број на вработени за период јули - септември 2024 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Период | 01-37.07.2024 | 01-31.08.2024 | 01-30.09.2024 |
| Вработени на неопределено | 212 | 212-210 | 210-214 |
| Вработувања | / | / | 6 |
| Вратени од мирување | 1 | | |
| Пензионирања | 1 | 1 | 2 |
| Прекин на вработување по друг основ | / | 1 | / |
| Административни службеници | 48-47 | 47-46 | 46 |
| Даватели на услуги | 135-136 | 136-135 | 138 |
| Помошно технички персонал | 29 | 29 | 30 |
| Вработени на определено | 16 | 16 | 11 |

| **Компаративно 21/22/23/24** | Неопределено | Определено | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 30.септ.21 | 245 | 8 | 253 |
| 30.септ.22 | 228 | 9 | 237 |
| 30.септ.23 | 220 | 14 | 234 |
| 30.септ.24 | 214 | 11 | 225 |


ЈП ВОДОВОД Охрид - органограм
Директор
Советник на директорот
Самостоен референт – Секретар на директор
Возач на директор
Помошник директор за економско финансиски работи
Помошнок директор за квалитет, планирање, ИТ и развој(КПИТР)
Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
Одделение за општи и правни работи
Одделение за човечки ресурси
Одделение за односи со јавноста
Сектор за финансии, сметководство и комерција
Одделение за сметководство
Одделение за план и анализа
Одделение за наплата - домаќинство
Оддел за сметки
Одделение за наплата - стопанство
Оддел за сметки
Одделение за техничка контрола и исклучување
Одделение за АОП
Одделение за јавни набавки
Сектор за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење
Одделение за технички работи и услуги
Одделение за електро-машински работи
Одделение за одржување на водоводна мрежа
Оддел за приклучоци
Оддел за одржување на водомери
Одделение за механизација и возила
Одделение за обезбедување и ПП заштита

## I.Извештај за работа на Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси при ЈП"Водовод"Охрид, се состои од следните одделенија:

- одделение за општи и правни работи
- одделение за човечки ресурси и
- одделение за односи со јавност

### Одделение за општи и правни работи:

Во одделението се систематизирани следните работни места: раководител на одделение, помлад соработник за правни работи, виш референт за правни предмети, самостоен референт-архивар, помлад референт-помошник архивар, возач на патничко возило, работник во пријавница – портир, домаќин-хаусмајстор и хигиеничар. Од наведените работни места, како работни места на административни службеници се систематизирани 5 работни места, а како помошно-технички лица 4 работни места. Во одделението се вршат следните работни активности:

- поведување постапки по предлог за издавање нотарски платен налог пред надлежните нотари на подрачјето на општина Охрид, заради наплата на парични побарувања по основ на долг за неплатени сметки/фактури за услуги од водоснабдување од физички и правни лица (должници) и натамошно процесуирање заради поведување постапка за извршување, со запазување на роковите за застареност на побарувањата.
  Доколку побарувањето е до висина од 6.000,00 денари, предлозите ги поднесува ЈП самостојно, а за побарувања над 6.000,00 денари предлозите се поднесуваат преку ангажиран адвокат
  Во извештајниот период беше извршено реонско опоменување на корисниците на услуги кои долгуваат за фактури за период октомври 2023 – јуни 2024 година, како постапка пред поведување постапки по предлог за издавање платен налог во постапка пред Нотар за побарувања од физички лица, во износ од 9.802.718,00 денари, од кои во текот на извештајниот период е наплатен поголем дел, додека за она што не е наплатено со опоменувањето ќе се поведуваат постапки како е наведено погоре ,
- започнување на постапки за присилна наплата по пат на извршување, по доставување последна опомена, за побарувања за кои се обезбедни правосилни и извршни исправи.
- склучување на договори за плаќање на заостанат долг на рати и следење на реализацијата на уплатите по основ на склучени договори за плаќање на долг за водоснабдителни услуги и достава на поединечни опомени пред поведување судска постапка; во извештајниот период се склучени 9 договори за плаќање на долг на рати, на вкупен износ од 451.205,00 денари.
- поведување постапки за наплата на долг по судски пат, по основ на тужба за исполнување договор за плаќање на долг за водоснабдителни услуги на рати;
- преземање дејствија во делот на постапување со корисници кои се бесправно исклучени од водоснабдителниот систем во смисла на поведување постапки за обезбедување доказ и натамошно процесуирање во граѓанска судска постапка, како и прекршочни постапки согласно Законот за комунални дејности, со оглед на фактот дека со одлука на Уставниот суд на РСМ е укинат членот од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води со кој постоеше можност за исклучување од водоснабдителниот систем на корисници кои имаат долг кон претпријатието, по претходно доставени опомена и решение за исклучување, како и исклучување од системот на објекти кои се бесправно приклучени;
- подготовка на материјали за седници на Управниот одбор и Надзорниот одбор на претпријатието;
- постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер;

- учество во формирани Комисии за одлучување по поднесени приговори од физички и правни лици на сметки/фактури за услуги;
- изготвување на правна документација, подзаконски акти и сл.
- лачење и попис на архивската граѓа;
- редовно и навремено архивирање на сите видови акти, пратки и приемници со ажурно упатување и доставување до одговорните лица кои треба да постапуваат по нив;
- водење на главна деловодна книга за секое примено и испратено писмено;

**Одделение за управување со човечки ресурси:**

Во одделението се систематизирани следните работни места: раководител на одделение, самостоен референт за човечки ресурси, советник за безбедност при работа и референт за одбрана, заштита и справување со кризни состојби. Сите наведени работни места се систематизирани како административни службеници.

Одделението ги извршува работните задачи во согласност со позитивните законски прописи од областа на работните односи:

- водење општа матична евиденција на вработените и евидентирање на секоја промена од работен однос во согласност со измените во законската регулатива;
- примена и реализација на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод Охрид;
- водење дисциплински постапки;
- водење постапки за вработување;
- изготвување решенија, потврди и друг вид документација во врска со работата и по барање на вработените;
- тековно водење евиденција и контрола во поглед на користењето на годишните одмори, платените отсуства, боледувањата и др.,
- следење и примена на законската регулатива од областа на безбедноста и здравјето при работа, учество на обуки од областа на здравствената заштита и прва помош, водење евиденција на повреди при работа, прибирање документација и соработка со инспекциски надзор при повреда на работници на работно место, организирање на задолжителни шестмесечни санитарни прегледи, како и водење евиденција на санитарни книшки.

**Одделение за односи со јавност:**

Во одделението се систематизирани следните работни места: раководител на одделение, помлад соработник за односи со јавност и референт за односи со јавноста. Сите наведени работни места се систематизирани како административни службеници.
Одделението се фокусира на следните главни области:

- информирање на корисниците - индивидуално, како и на пошироката јавност, преку медиумите;
- подигање на јавната свест за прашања поврзани со водоснабдувањето и екологијата;
- користење на унифициран документ - Формулар за регистрирање на барања од корисници (пријави, приговори, молби и др.), нивен прием, евидентирање и архивирање и доставување до надлежните сектори/одделенија, како и достава на известување до подносителот по писмен пат;
- мониторинг на статусот на барањата и статистички исказ на истите;
- склучување и евиденција на договори за користење на услуги од водоснабдување со нови корисници;
- соработка со останатите одделенија заради постапување по поднесоци од корисници;

| Рекапитулација на барања за период 01.07.2024 - 30.09.2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Тип на жалба | Завршени | Незавршени | Вкупно |
| 1. | Приговор за висока - погрешно читана состојба | 11 | 10 | 21 |
| 2. | Приговор за дефект на инсталација после водомер | 8 | 3 | 11 |
| 3. | Приговор за камата | 1 | 0 | 1 |
| 4. | Приговор за сторно судски такси | 0 | 0 | 0 |
| 5. | Промена на име на корисник - физички лица | 198 | 0 | 198 |
| 6. | Промена на име на корисник - правни лица | 29 | 4 | 33 |
| 7. | Нов приклучок - корисник | 186 | 2 | 188 |
| 8. | Отворени нови шифри со префрлување на реон 555 | 4 | 0 | 4 |
| 9. | Договори на рати | 9 | 0 | 9 |
| | Вкупно | 446 | 19 | 465 |

Изработил:
Зарчева Славица, раков.на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси

## II. ИЗВЕШТАЈ НА СЕКТОР ЗА ФИНАСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

### II.1. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските Извештаи се составени во согласност Сметководствените политики за на ЈП Водовод Охрид од 07.02.2020, Меѓународните сметководствени стандарди (MSS) и Меѓународните стандарди за финансискио известување (MSFI).
Прикажаните износи се во 000 денари.

**1. Биланс на Состојба**

| АКТИВА | обр | 30/09/2024 | 30/09/2023 | % |
|---|---|---|---|---|
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 1 | **394,405** | **392,193** | **100.56** |
| **Нето основни средства** | | **394,370** | **392,194** | 100.58 |
| *Имот,згради и опрема* | | 634,082 | 625,145 | 101.43 |
| *Отпис* | | -239,712 | -233,053 | 102.86 |
| **Нето нематеријални средства** | | **35** | **102** | 34.76 |
| *Нематеријални средства* | | 2,222 | 2,222 | 100.01 |
| *Отпис* | | -2,187 | -2,121 | 103.12 |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | **417,532** | **409,603** | **101.94** |
| **Нето залихи** | 2 | **27,985** | **26,964** | 103.79 |
| *Залихи* | | 28,190 | 27,169 | 103.76 |
| *Отпис* | | -205 | -205 | 99.84 |
| **Побарувања** | | **389,547** | **382,639** | 101.81 |
| **а) Побарувања од купувачи нето** | 3 | **341,696** | **343,277** | 99.54 |
| *Побарување од купувачи* | | 343,680 | 346,517 | 99.18 |
| *Отпис* | | -1,985 | -3,240 | 61.26 |
| **б) Побарување од државата за даноци** | 4 | **1,443** | **4,051** | 35.63 |
| **г) Останати побарувања** | 5 | **125** | **149** | 83.98 |
| **д) Готовина и готовин.еквиваленти** | 6 | **46,283** | **35,162** | 131.63 |
| **АВР** | 7 | **0** | **0** | - |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **811,938** | **801,797** | **101.26** |
| **КАПИТАЛ** | | **278,896** | **256,032** | **108.93** |
| *Државен-јавен капитал* | | 241,367 | 241,367 | 100.00 |
| *Акумулирана добивка* | | 8,697 | 5,266 | 165.15 |
| *Акумулирана загуба* | | 11,438 | -5,847 | 195.62 |
| Нето Добивка / Загуба за периодот | | 17,394 | 15,246 | 114.09 |
| **НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 8 | **152,963** | **152,851** | **100.07** |
| *Долгорочни обврски* | | **1,577** | **1,577** | 100.00 |
| *Донации - Грантови ПВР* | | **151,386** | **151,273** | 100.07 |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 9 | **380,785** | **392,914** | **96.91** |
| **Обврски према добавувачите** | | **128,301** | **139,593** | 91.91 |
| **Обврски за даноци** | | **140** | **16** | 875.18 |
| **Бруто плата вработени** | | **9,317** | **9,505** | 98.02 |
| **Обврски према К.систем** | | **233,783** | **237,966** | 98.24 |
| **Останати обврски** | | **9,245** | **5,833** | 158.50 |
| **Однапред прес.данок на добивка** | | **-707** | **0** | - |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | | **811,938** | **801,797** | **101.26** |

| 2. Биланс на Успех | | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл | % на учес |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 10 | 55,769 | 45,439 | 122.73 | 10,330 | 82.28 |
| Оперативни приходи | 11 | 1,954 | 6,636 | 29.43 | -4,683 | 2.88 |
| Останати приходи | 12 | 8,872 | 9,334 | 95.05 | -462 | 13.09 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **66,594** | **61,410** | **108.44** | **5,184** | **98.25** |
| Материјали,енерг,рез.делови ,сит.инв | 13 | -18,236 | -15,788 | 115.51 | 2,448 | 36.19 |
| Трошоци за тековно одржување | 14 | -134 | -136 | 98.62 | -2 | 0.27 |
| Трошоци за осигурување | | 0 | -6 | - | 6 | -0.01 |
| Бруто плати | | -26,093 | -25,572 | 102.04 | 521 | 51.79 |
| Други услуги | 15 | -1,043 | -1,085 | 96.15 | -42 | 2.07 |
| Останати оперативни трошоци | 16 | -3,095 | -2,045 | 151.34 | 1,050 | 6.14 |
| Даноци,придонеси и други давачки | 17 | -55 | -63 | 87.26 | -8 | 0.11 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | | **-48,657** | **-44,695** | **108.86** | **3,962** | **96.57** |
| Амортизација на сопствени средства | | -1,121 | -960 | 116.82 | 161 | 2.23 |
| Амортизација на грантови | | -607 | -923 | 65.67 | -317 | 1.20 |
| **Вкупна амортизација** | 18 | **-1,728** | **-1,884** | **91.73** | **-156** | **3.43** |
| **Вкупно операт.трош и амортизација** | | **-50,385** | **-46,579** | **108.17** | **3,806** | **100.00** |
| Останати трошоци | 19 | 0 | 0 | - | 0 | |
| **Вкупни трошоци** | | **-50,385** | **-46,579** | 108.17 | 3,806 | 108.17 |
| Финансиски расходи | 20 | 0 | -30 | 0.00 | -30 | 0.00 |
| Финансиски приходи | 21 | 1,185 | 445 | 266.19 | 740 | 1.75 |
| **Добивка/Загуба од редовното работење** | | **17,394** | **15,246** | **114.09** | **2,148** | |
| **Данок на добивка** | 22 | **0** | **0** | - | 0 | |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | 23 | **17,394** | **15,246** | **114.09** | **-2,148** | |

| 3 . Извештај за паричните текови | 07-09.24 | 07-09.23 | % |
|---|---|---|---|
| Готовина на почеток на период | 36,493 | 25,300 | 144.24 |
| | | | |
| Готовински прилив од купувачи-усл.за вода | 59,292 | 43,428 | 136.53 |
| Готовински прилив од купувачи за услуги | 3,268 | 4,784 | 68.31 |
| друга наплата | 7,681 | 8,820 | 87.09 |
| **Вкупен готовински прилив** | **70,242** | **57,032** | 123.16 |
| Исплатенина добавувачи,надом на вработени и сл. | -31,642 | -20,279 | 156.03 |
| Бруто плата | -28,094 | -26,214 | 107 17 |
| Платени даноци | -432 | -678 | 63.68 |
| Платена камата | 0 | 0 | - |
| Исплатено на ЈП Колекторски систем | 0 | 0 | - |
| **Паричен тек од оперативни активности** | ***10,074*** | ***9,861*** | ***102,16*** |
| | | | |
| Набавка на основно средство | -284 | 0 | - |
| Продажба на основно средство | 0 | 0 | - |
| Долгорочен кредит | 0 | 0 | - |
| **Паричен тек од вложувачки активности** | **-284** | **0** | **-** |
| | 0 | 0 | - |
| (Отплата)/Прилив на заеми и кредити | **0** | **0** | - |
| **Паричен тек од финансиски активности** | **0** | **0** | **-** |
| | | | |
| **Зголемување/(Намалување) на парични средства** | **9,790** | **9,861** | ***99.28*** |
| | | | |
| ***Готовина на почеток на период*** | **36,493** | **25,300** | ***144.24*** |
| ***Готовина на крај на период*** | **46,283** | **35,161** | ***131.63*** |
| ***Зголемување/(Намалување) на парични средства*** | **9,790** | **9,861** | ***98.28*** |

**Објаснувачки белешки (обр. во билансите)**

**1. Нетековни средства**

Материјалните средства т.е. имотот, зградите, опремата, нематеријалните вложувања се евидентираат по набавна цена доколку векот на употреба им е подолг од една година или поединечно вредноста е поголема од 300 евра во денарска противвредност

Набавната вредност ја чини фактурната вредност зголемена за сите трошоци настанати до нивното стапување во употреба.

Нематеријалните вложувања ги опфаќаат вложените средства во права за користење на недвижен имот

Ревалоризацијата односно превреднување на нематеријалните и материјалните средства не е вршено пред 2013 година. Ефектот од ревалоризацијата се евидентира како ревалоризациона резерва која преставува дел од вкупниот капитал. Ревалоризација може да се врши само во хиперинфлаторни услови.

Кога средствата се ставаат вон употреба или на било кој начин се отуѓуваат се искнижуваат од соодветните сметки на соодветната ревалоризирана набавна вредност и исправката на вредноста.

Приходите или расходите поврзани со отуѓувањето се евидентираат во билансот на успех како приходи односно трошоци соодветно. ЈП Водовод Охрид ги користи следниве стапки за амортизација по праволиниска метода:

| рб | Основно средство | %на аморт на год.ниво |
|---|---|---|
| 1 | Долгор.нематеријални средства и лиценци | 20% |
| 2 | Градежни објекти на високоград, и нискоград, бетонска и метална конструкција | 2.5% |
| 3 | Градежни објекти на нискоградба со горен строј | 3% |
| 4 | Градежни објекти на високоградбена и нискоградежна дрвена конструкција | 5% |
| 5 | Градежни објекти на високоградбена и нискоградежна пластична конструкција | 2.5% |
| 6 | Останати неспомнати градежни објекти | 10% |
| 7 | Опрема за п-во, прераб,дистрибуција на нафта,гас,елек.енергија | 5% |
| 8 | Погонски и деловен инвентар/машини, алати, транспортни средства и уреди | 10% |
| 9 | Мебел и деловен инвентар, опрема за затоплување | 20% |
| 10 | Компјут.опрема со софтвер, телекомун.опрема, патнички моторни возила | 25% |
| 11 | Останата неспомната опрема | 10% |
| 12 | Останати неспомнати долгорочни средства | 20% |

**2. Залихи**

Залихите се состојат од суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа, автомобилски гуми, готови производи и трговска стока.

Залихите на добра и материјали се вреднуваат според трошоците на купување (набавка) т.е. фактурна вредност и директни зависни трошоци на набавката корегирана за договорени трговски попусти, рабати и слични ставки што ја намалуваат фактурната вредност Вреднувањето на трошењето на залихи ќе се врши согласно принципот на просечни цени.

Ситниот инвентар се отпишува еднократно при ставање во употреба со задолжување по лица.

Автогумите се отпишуваат при ставање во употреба.

Намалувањето на вредноста на залихите се врши кога нето продажната е помала од набавната цена, во случај на делумно губење на квалитетот на стоките, кусок, дотраеност, оштетеност на основа на предлог на пописната комисија која ја констатира фактичката состојба за време на редовниот годишен попис.

**3. Побарувања од купувачите**

Побарувањата од купувачите се по основ на продажба на производи и услуги за водоснабдување, услуга за одведување на отпадни води (како услуга кон ЈП Колекторски систем Скопје) и хидроградбени активности.

Од 01.01.2021 сметката на ЈП Водовод Охрид содржи ставка за водоснабдување и соодветни државни давачки и камата за задоцнето плаќање. Тие се признаваат во моментот на извршување на трансакцијата на продажба т.е. извршување на услугата. Ако е договорено сукцесивно извршување, аналогно и побарувањата сукцесивно ќе се евидентираат
Побарувањата се вреднуваат во износ на продажната вредност на продадените производи или услуги зголемени за пресметаниот данок на додадената вредност
Намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува задолжително на побарувањата кога должникот е во постапка на стечај и ликвидација, ликвидирање согласно ЗТД чл.552а и со судска пресуда за неисполнивост на товар на расходите со соодветна Одлуката на УО.
Доколку приходот од продажбата кој е признаен според начелото на настанување на деловната трансакција а дополнително се појави ризикот за наплата, побарувањето индиректно се корегира на товар на расходите а директно само ако е изминат законскиот рок на соодветното побарување или неможноста на наплата е извесна, документирана или образложена.
Тековната подготовка на Одлуката за отпис е во корелација со раководителот на оделение за Наплата и Комисијата за верификација на побарувањата по пат на предлагање на содржина на проценката за ненаплативост на побарувањата или на Раководителот на Правен сектор за побарувања под судска надлежност
На крај на годината Комисијата за попис на побарувања и обврски дава предлог до УО за вредносно усогласување на побарувањата и обврските согласно извршениот попис.
Ризикот на наплата на побарувањата ги оценува и оверува Органот на управување.

**4. Побарување од државата за даноци**

Побарување од државата за даноци се резултат на претплати на даноци како што се претплати на ДДВ, данок на доход кај платите, данок на добивка и сл.

**5. Останати побарувања**

ОСтанати побарувања преставуваат побарувања дадени аванси, претплати на добавувачи, побарувања од вработените, и сл.

**6. Готовина и готовински еквиваленти**

Парите на сметките кај деловните банки и благајна искажани во денари по номинални износи според доставениот извор за состојба на прометот на тие сметки.
Висината на благајничкиот максимум се определува со посебна Одлука на Органот на Управување.
Состојба на благајна и жиро сметки на ден 30.09.2024 е 46.28 милиони денари.

**7. АВР**

Активни временски разграничувања преставуваат однапред пресметни трошоци (трошоци за камати по банки, обврски кон вработените, обврски за трошоци по судски постапки,) однапред платени трошоци на пресметковен или термински рок и сл.

**8. Нетековни обврски**

а) Долгорочни обврски 1 577 се резултат на долгорочни обврски за проектите со јавно-приватно партнерство,
б) Пасивните временски разграничувања преставуваат одложени приходи по основ на донации кои се амортизираат согласно МСС штом се ставаат во употреба. Тука спаѓаат степенот на изграденост на Проектот за водоснабдување Охрид/Струга-грантов дел, грантовите од ресорните Министерства и Општински фондови.

| **9. Тековни обврски** | | **07-09.24** | **07-09.23** |
|---|---|---|---|
| Обврски према добавувачите | 10 | 128,301 | 139,593 |
| ДДВ обврска и даноци | | 140 | 16 |
| Бруто плата вработени | | 9,317 | 9,505 |
| Обврски према поран. РЕ | | 233,783 | 237,966 |
| Останати обврски | | 9,245 | 5,833 |

## 10.Приходи од Продажба

Приходот се признава кога постои веројатност од идни приливи на економски добра во претпријатието, кога износот на приходот може со сигурност да се измери и кога е завршен трансферот на ризиците. Приходите од продажба се признаваат во нето износ во моментот на испорака а кај приходите од обезбедување на услуги според степенот на извршеност.

| 10. Приходи од продажба | 11 | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од вода домакинства | | 42,403 | 34,982 | 121.21 | 7,421 |
| Приходи од вода индустрија | | 13,365 | 10,457 | 127.81 | 2.908 |
| **ВКУПНО ВОДА** | | **55,769** | **45,439** | **122.73** | **10,330** |
| *% на учество во Вкуп.приходи* | | 82.28 | 7.46 | | |

## 11. Оперативни Приходи

Оперативни приходи се приходи од хидроградбени инвестирања, водоводни услуги кон потрошувачите и друго.

| 11. Оперативни Приходи | 12 | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од хидр.водоводни приклучоци | | 1,052 | 5,742 | 18.32 | -4.690 |
| Други приходи | | 883 | 877 | 100.70 | 6 |
| Приход од наемнина | | 18 | 18 | 100.00 | 0 |
| **Вкупно :** | | **1,954** | **6,637** | **29.43** | **-4.683** |
| *% на учество во Вкуп.приходи* | | 2.88 | 10.73 | | |

## 12. Останати Приходи

Останати приходи се приходи од слагања, приходи од наплатени судски трошоци, амортизација на донации и други приходи со помала фрекфентност во појавувањето.

| 12. Останати оперативни приходи | 13 | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од отпис на обврски | | 0 | 783 | | -783 |
| Приходи од амортизација на донации | | 1,121 | 960 | 116.82 | 161 |
| Приходи од субвенции | | 7,000 | 7,500 | 93.33 | -500 |
| Приходи од добиени судски спорови | | 716 | 56 | 1.278.oo | 660 |
| Останати приходи | | 34 | 35 | 96.53 | -1 |
| ***Вкупно :*** | | ***8,872*** | ***9,334*** | **95.05** | **-462** |
| *% на учество во Вкуп.приходи* | | 13.09 | 15.09 | | |

## Трошоци на продажба

Трошоците т.е расходите се дефинираат како намалување на економските користи за време на пресметковниот период во форма на одливи, намалувања или амортизација на средства или стекнување на обврски. Со други зборови расходите вклучуваат трошоци на продадени производи, трошоци потребни да се изврши работењето и трошоци на привлекување и опслужување на корисниците.

| 13. Материјали енергија, рез.делови и ситен инвентар | 14 | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | | -2,258 | -3,233 | 69.85 | -975 |
| Трошоци за енергија | | -15,566 | -12,160 | 128.01 | 3,406 |
| Трошоци за гориво | | -309 | -326 | 94.86 | -17 |
| Трошоци за резервни делови и м-ли | | -88 | -45 | 194.61 | 43 |
| Трошоци за отпис на ситен инвентар | | -15 | -25 | 64.39 | -9 |
| **Вкупно :** | | **-18,236** | **-15,778** | **115.51** | **2,448** |
| *% на учество во вкупни расходи* | | 36.18 | 33.87 | | |

| 14. Трошоци за тековно одржување | 15 | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл |
|---|---|---|---|---|---|
| Услуги за одржување и заштита | | -134 | -136 | 98.62 | -2 |
| **Вкупно :** | | **-134** | **-136** | **98.62** | **-2** |
| *% на учество во вкупни расходи* | | 0.27 | 0.29 | | |

| 15. Други услуги | 16 | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл |
|---|---|---|---|---|---|
| Поштен.,телефон. и интерн.услуги | | -219 | -234 | 93.48 | -15 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наем-лизинг | | -73 | -54 | *135.95* | *19* |
| Комунални услуги | | -20 | -30 | *67.02* | *-10* |
| Останати услуги | | -279 | -376 | *74.15* | *-97* |
| Банкарски усл.и трош.на плат.промет | | -452 | -391 | *115.63* | *61* |
| **Вкупно :** | | **-1,043** | **-1,085** | ***96.15*** | ***-42*** |
| *% на учество во вкупни расходи* | | *2.07* | *2.33* | | |

| 16. Останати оперативни трошоци | *17* | 07-09.24 | 07-09.23 | % | разл |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за реклама,пропаганда | | -155 | -98 | *157.87* | 57 |
| Останати трошоци на вработени | | -409 | -217 | *188.34* | 192 |
| Дневници за службени патувања | | -6 | -13 | *45.85* | -7 |
| Надомест на трошоци на вработени | | -1,749 | -1,410 | 124.07 | 339 |
| Трош.за надом на член на УО и НО | | -186 | -198 | 93.94 | -12 |
| Трошоци за спонзорства и донации | | 9 | 0 | - | 9 |
| Трошоци за репрезентација | | -9 | -8 | 110.39 | 1 |
| Останати трошоци на работењето | | -572 | -101 | 566.63 | 471 |
| **Вкупно :** | | **-3,095** | **-2,045** | ***151.34*** | ***1,050*** |
| *% на учество во вкупни расходи* | | *6.14* | *4.39* | | |

| 17. Даноци,придонеси и други давачки | *18* | 07-09.24 | 07-09.23 | % | *разл* |
|---|---|---|---|---|---|
| Даноци незав.од резултат,членарини | | -55 | -63 | *87.26* | *-8* |
| ***Вкупно :*** | | **-55** | **-63** | ***87.26*** | ***-8*** |
| *% на учество во вкупни расходи* | | *0.11* | *0.14* | | |

| 18. Амортизација | *19* | 07-09.24 | 07-09.23 | % | *разл* |
|---|---|---|---|---|---|
| Амортизација на грантови | | -1,121 | -960 | *116.82* | *161* |
| Амортизација на сопствени средства | | -607 | -924 | *65.67* | *-317* |
| **Вкупно :** | | **-1,728** | **-1,884** | ***91.73*** | ***-156*** |
| *% на учество во вкупни расходи* | | *3.43* | *4.04* | | |

| 19. Останати трошоци | *20* | 07-09.24 | 07-09.23 | % | *разл* |
|---|---|---|---|---|---|
| Вредн.усоглас.на побарувања | | 0 | 0 | *0.00* | *0* |
| Казни,пенали,надомести на штети | | 0 | 0 | *0.00* | *0* |
| **Вкупно :** | | ***0*** | ***0*** | *0.00* | *0* |
| *% на учество во вкупни расходи* | | *0.00* | *0.00* | | |

| 20. Финансиски расходи | | 07-09.24 | 07-09.23 | % | *разл* |
|---|---|---|---|---|---|
| Расходи по основ на затезни камати | *21* | 0 | -30 | | *-30* |
| **Вкупно :** | | **0** | **-30** | | *-30* |
| *% на учество во вкупни расходи* | | *0.00* | *0.06* | | |

| 21. Финансиски приходи | *22* | 07-09.24 | 07-09.23 | % | *разл* |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од камати од неповр.друштва | | 1,185 | 445 | *266.19* | *740* |
| **Вкупно :** | | **1,185** | **445** | ***266.19*** | *740* |
| *% на учество во вкупни расходи* | | *1.75* | *0.72* | | |

### 22. Даноци

Даноците се пресметуваат согласно позитивните законски прописи на РСМ по пат на оданочување на добивката корегирана за непризнаените расходи согласно Даночниот Биланс по општа стапка од 10%.

### 23. Нето Добивка / Загуба

ЈП Водовод Охрид како финансиски резултат за период 01.07-30.09.2024 покажува Добивка 17.39 милиони денари.

## II.2. Други Извештаи

## II.2.1 Break point Анализа 2024

| Тромесечија | I | II | III | IV | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | 46,521 | 51,000 | 67,778 | | **165,299** |
| **Расходи** | 41,575 | 44,508 | 50,385 | | **136,468** |
| **Бруто Добивка/Загуба** | 4,946 | 6,492 | 17,393 | | **28,831** |




**Break-event point** анализата ја покажува покриеноста на Вкупните Приходи/Вкупните расходи по тромесечија во нето износ, сезонскиот карактер на врвните приходи и неопходното одржување на истите во зимските месеци по пат на соработка со локалните и државните фондови насочено кон зголемување на Приходите или активности со резултат на намалување на трошоците за одржување на ЈП Водовод Охрид.

## II.1.2.2 Финансиски показатели

| | | | 07-09.24 | | | 07-09.23 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Показатели | | | нето | вкупно | | нето | вкупно |
| | | обтни с-ва*100 / | 417,737 | 417,737 | | 409,603 | 409,603 |
| | | краткорочни обврски | 147,002 | 380,785 | | 154,948 | 392,914 |
| Ликвидност | Општа | % | *284.17* | *109.70* | | *264.35* | *104.25* |
| | | | | | | | |
| | | (обрт с-ва - залихи)*100 | 389,547 | 389,547 | | 382,639 | 382,639 |
| | | / краткорочни обврски) | 147,002 | 380,785 | | 154,948 | 392,914 |
| Ликвидност | Тековна | % | *264.99* | *102.30* | | *246.95* | *97.38* |

| | | | 07-09.24 | 07-09.23 |
|---|---|---|---|---|
| Ефикасност | обрт на пост.с-ва | приходи од продажба/ | 67,173 | 60,894 |
| | | постојани с-ва | 394,405 | 392,194 |
| | | % | *17.03* | *15.53* |
| | обрт на вкупни с-ва | приходи од продажба/ | 67,173 | 60,894 |
| | | вкупни с-ва | 811,938 | 801,797 |
| | | % | *8.27* | *7.59* |

| | | | 07-09.24 | 07-09.23 |
|---|---|---|---|---|
| Профитабил | бруто проф. Стапка | | 17,394 | 15,246 |
| | | добивка / приходи | 67,173 | 60,894 |
| | | % | *25.89* | *25.04* |
| | нето проф. Стапка | | | |
| | | нето добивка / приходи | | |
| | | % | | |

| | | | 07-09.24 | | | 07-09.21 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | нето | вкупно | | нето | вкупно |
| | степ на задолжено ст | вкупни обврски / | 148,579 | 382,362 | | 156,526 | 394,492 |
| | | вкупни средства | 811,938 | 811,938 | | 801,797 | 801,797 |
| показат на финан сост | | % | *18.30* | *47.09* | | *19.52* | *49.20* |

## II.2.1. Фактурирање и наплата

ЈП Водовод Охрид како претпријатие кое е основано за обезбедување на своите потрошувачи со чиста вода за пиење опслужува регион во кој живеат околу 50 000 жители според информациите од попис. Располага со капацитети за опслужување и во услови на зголемена побарувачка за вода која особено се манифестира во летните месеци кога туристичките можности на регионот привлекуваат многу туристи во туристичките капацитети, викенд становите и приватните станоиздаватели.

***Табела 1. Фактурирана вода во м3, период 01.07-30.09.2024/01.07-30.09.2023***[1]

*[1] Од 01.2021 сметката на ЈП Водовод Охрид содржи само услуга за водоснабдување со соодветни државни обврски.*

| М | Вода во м3 домакинства | | 2024/ 2023 % | Вода во м3 индустрија | | 2024/ 2023 % | Вода во м3 ВКУПНО | | 2024/ 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2023 | | 2024 | 2023 | | 2024 | 2023 | |
| 7 | 244,541 | 216,317 | *113.05* | 71,547 | 64,337 | *111.21* | 316,088 | 280,654 | *112.63* |
| 8 | 314,827 | 280,204 | *112.36* | 72,573 | 73,611 | *98.59* | 387,400 | 353,815 | *109.49* |
| 9 | 225,586 | 222,701 | *101.30* | 64,756 | 62,833 | *103.06* | 290,342 | 285,534 | *101.68* |
| **ВК** | **784,954** | **719,222** | ***109.14*** | **208,876** | **200,781** | ***104.03*** | **993,830** | **920,003** | ***108.02*** |

***График 1. Фактурирана вода во м3, период 01.07-30.09.2024 / 01.07-30.09.2023***




***Табела 2. Фактурирана сметка период 01.07-30.09.2024 / 01.07-30.09.2023***

| М | Фактурирано во ден ВКУПНО | | 2024/ 2023 % |
|---|---|---|---|
| | 2024 | 2023 | |
| 7 | 19,915,635 | 15,424,202 | *129.12* |
| 8 | 22,422,373 | 18,152,823 | *123.52* |
| 9 | 18,508,053 | 15,568,242 | *118.88* |
| **ВК** | **60,846,061** | **49,145,267** | ***123.81*** |

***Табела 3. Фактурирана/вкупно наплатена сметка период 01.07.-30.09.2024***

| М | Фактурир/наплата 2024 домакинства | | напл/ факт. % | Фактурир/наплата 2024 индустрија | | напл/ факт. % | Фактурир/наплата 2024 ВКУПНО | | напл/ факт. % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | фактурир. | наплатено | | фактурир. | наплатено | | фактурир. | наплатено | |
| 7 | 14,587,055 | 13,836,582 | *94.86* | 5,328,580 | 7,224,015 | *135.57* | 19,915,635 | 21,060,597 | *105.75* |
| 8 | 17,391,012 | 14,836,045 | *85.31* | 5,031,361 | 4,110,707 | *81.70* | 22,422,373 | 18,946,752 | *84.50* |
| 9 | 13,853,357 | 15,035,755 | *108.54* | 4,654,696 | 4,249,258 | *91.29* | 18,508,053 | 19,285,013 | *104.20* |
| **ВК** | **45,831,424** | **43,708,382** | ***95.37*** | **15,014,637** | **15,583,980** | ***103.79*** | **60,846,061** | **59,292,362** | ***97.45*** |

***График 2. Фактурирана/вкупно наплатена сметка период 01.07.-30.09.2024***




***Табела 4. Табела 5 Наплатена сметка за услуга водос. период 01.07.-30.09.2024/01.07-30.09.2023***

| М | наплатено домакинства | | 2024/ 2023 % | наплатено индустрија | | 2024/ 2023 % | наплатено ВКУПНО | | 2024/ 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2023 | | 2024 | 2023 | | *2024* | *2023* | |
| 7 | 13.836.582 | 9.818.049 | *140,93* | 7.224.015 | 2.569.215 | *281,18* | 21.060.597 | 12.387.264 | *170,02* |
| 8 | 14.836.045 | 12.740.845 | *116,44* | 4.110.707 | 2.663.940 | *154,31* | 18.946.752 | 15.404.785 | *122,99* |
| 9 | 15.035.755 | 11.513.309 | *130,59* | 4.249.258 | 4.122.557 | *103,07* | 19.285.013 | 15.635.866 | *123,34* |
| **ВК** | **43.708.382** | **34.072.203** | *128,28* | **15.583.980** | **9.355.712** | *166,57* | **59.292.362** | **43.427.915** | *136,53* |

***Табела 5. Фактурирана/наплатена услуги, период 01.07-30.09.2024/01.07-30.09.2023***

| М | 2023услуги | | | 2022 услуги | | | 2023/2022 | 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Фактур.*** | ***Наплат.*** | *%* | ***Фактур.*** | ***Наплат.*** | *%* | ***Фактур.*** | ***Наплат.*** |
| 7 | 823,812 | 2,320,317 | *281.66* | 4,073,374 | 740,320 | *18.17* | *20.22* | *313.42* |
| 8 | 618,791 | 282,906 | *45.72* | 985,290 | 74,573 | *7.57* | *62.80* | *379.37* |
| 9 | 769,573 | 664,948 | *86.40* | 2,471,195 | 3,968,932 | *160.61* | *31.14* | *16.75* |
| **ВК** | **2,212,176** | **3,268,171** | ***147.74*** | **7,529,859** | **4,783,825** | ***63.53*** | ***29.38*** | ***68.32*** |

***Табела 6. Севкупно Фактурирана/наплатена сметка период 01.07-30.09.2024/01.07-30.09.2023***

| М | 2023 СЕВКУПНО | | | 2022 СЕВКУПНО | | | 2023/2022 | 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *фактур* | *наплат* | % | *фактур* | *наплат* | % | *Фактур.* | *Наплат.* |
| 7 | 20,739,447 | 23,380,914 | *112.74* | 19,497,576 | 13,127,584 | *67.33* | *106.37* | *178.11* |
| 8 | 23,041,164 | 19,229,658 | *83.46* | 19,138,113 | 15,479,358 | *80.88* | *120.39* | *124.23* |
| 9 | 19,277,626 | 19,949,961 | *103.49* | 18,039,437 | 19,604,798 | *108.68* | *106.86* | *101.76* |
| **ВК** | **63,058,237** | **62,560,533** | ***99.21*** | **56,675,126** | **48,211,740** | ***85.07*** | ***111.26*** | ***129.76*** |

***График 3. Севкупно Фактурирано /наплатено период 01.07-30.09.2024***




Анализата на приложените Табели и Графикони покажува:

- Вкупно фактурирано во м3 вода за период 01.07-30.09.2024 е 990 830м3.
- Процентот на наплата за целосниот состав на сметката на ЈП Водовод Охрид за период 01.07-30.09.2024 е 97.45%, (домакинствата е 95.37%, индустријата 103.79%).
- Процентот на наплата кај услугите за период 01.07-30.09.2024 е 177.74%.
- Севкупен процент на наплата (за целосниот состав на сметката на ЈП Водовод Охрид и услуга) за период 01.07-30.09.2024 е 99.21%.

а) Од 01.2021 сметката на ЈП Водовод Охрид содржи податоци и вредности за наплата единствено за услуга за водоснабдување и соодветните на нив државни обврски.

б) во третиот квартал на 2024 ќе продолжат активностите за ажурно фактурирање на количините во м3 и во форма на вредноста која истовремено се наплатува преку:

- соодветно ниво на фактурирање на приходи,
- перманентно ажурирање и осовременување на податоците на корисниците насочено кон фактурирање според состојба на водомер или по Одлука за паушал се до фактурирање по утврден просек и број на лица кај корисникот согласно позитивните законски прописи.
- натамошно воведување на програмски систем на отчитување на вомерни броила,
- постојана анализа на наплата по лица и фирми насочено кон преиспитување на резултатите од наплата од наплатувачите ,
- тековно контролирање на реони,
- натамошно зголемување на наплата особено кај фирмите преку:
  - испраќање на картици за неплатен долг,
  - контакт и опоменување на фирми за неплатен долг,
  - активности за исклучување од услуга за водоснабдување,
  - подготовка на предлози за тужење на фирми,
  - натамошно подобрување на наплатата на побарувањата,
- промена на расипани водомери и намалување на бројот на паушали,
- решавање на приговори со барање за подмирување на долгот од потрошувачите,
- брзо решавање на Приговорите кон лица редовни подмирувачи на сметки,
- помагање на Правниот сектор во процесот на тужење на корисниците кој не ги подмируваат своите обврски.

Во контекст на адекватно ажурни податоци ќе се продолжи со анализирање и примена на Програмскиот систем за отчитување на водомерите и поголема контрола во работата на отчитувачите и корисниците на водоснабдување во град Охрид. Активностите се одвиваат тековно.

Активностите за зголемување на наплата кај физичките лица и особено кај правните лица ќе бидат проследени со зајакнување на активностите:

- оделението за теренско-техничка наплата
- оделението за исклучување од техничкиот сектор и
- правниот сектор

во поглед на принуден начин на наплата на побарувањата што ги има ЈП Водовод Охрид особено во активностите на

- континуираната и навремена наплата на Договорите на рати со потрошувачите,
- утужувањето и наплатата на утужените побарувања

што е активност на Правниот сектор во поглед на принуден начин на наплата на побарувањата и во заштитата на средствата и имотот што ги има ЈП Водовод Охрид што ќе води кон натамошно подобрување на наплатата, тековнатата и целокупната ликвидност на претпријатието и во заштитата на средствата и имотот на ЈП Водовод Охрид. За таа цел се воспоставени нови коректни односи со Нотарите и Извршителите во град Охрид засновани на економска база и меѓусебно почитување и вреднување.

Воедно ќе се продолжи со натамошно стимулирање на плаќање од страна на потрошувачите со online-плаќање преку www.evodovod-ohrid.com.mk:

- директно (преку сметките) и
- индиректно (со кампања и флаери) промовирање на online-плаќање преку www.evodovod-ohrid.com.mk кое бележи зголемување на бројот корисниците со над 4 500 месечни уплати т.е корисници вршат плаќање со употреба на нашиот програм на гореспомената www.evodovod-ohrid.com.mk.

## ФИНАНСИСКИ СЕКТОР, ОРГАНИЗАЦИЈА И АКТИВНОСТИ 01.07-30.09.2024

**Раководител на Финансиски Сектор**

1. **Одделение за Сметководство**
2. **Оделение за Наплата**
   - **2.1 Одделение за Наплата по правни лица**
   - **2.2 Одделение за Наплата по физички лица**
   - **2.3 Одделение за Принудна наплата**
3. **Оделение за Автоматска обработка на податоци (АОП)**
4. **Одделение за Јавни набавки**

**Раководителот на Финансискиот сектор на ЈП Водовод Охрид:**

- ја организира работата по оделенија во ЈП Водовод Охрид,
- раководи за навремено исполнување на работните задачи по одделенија,
- се грижи за ред, дисциплина и законитост во работењето на ова поле,
- се грижи и предупредува за единствено познавање и применување на Сметководствените политики за 2020 год. усвоени од УО на ЈП Водовод Охрид и почитување на позитивните Законски прописи и го пријавува непочитувањето на истите,
- редовно врши контрола на работењето во одделенијата во соработка со Раководителите по одделенија на месечна или периодична основа.
- Подготовка на квартали и годишни Финансиски Извештаи за потребите на Менаџментот, основачите на ЈП Водовод Охрид, Надзорниот и Управниот Одбор, ресорните министерства, банки и странски донатори
- Подготовка на Предлог планот за буџет за секоја наредна година, Подготовка на Бизнис план и негови остварувања по години,
- Подготовка на Годишен Извештај на ЈП Водовод Охрид согласно делокругот и одговорностите во работата.

*<u>Норматив:</u>* сите закони со кои се регулира финансиското работење, Статут на ЈП Водовод Охрид, Правилникот за систематизација на работни места на ЈП Водовод Охрид, Сметководствената политика 2020 на ЈП Водовод Охрид, Програмите за работа на ЈП Водовод Охрид, Колективниот Договор на ЈП Водовод Охрид, ЗРО, ЗАСл, ЗТД, ЗОО, и нивни идни дополненија кои се однесуваат на ЈП Водовод Охрид како јавно претпријатие.

**1. Одделението за Сметководство:**

- организира навремена евиденција на пресметковна основа на

- приходот преку прием на предајни листи и излезни фактури за побарувања за потрошена вода и соодветно нивно книжење во деловните книги на претпријатието и аналитички по комитенти,

- приходи преку прием на излезни фактури за побарувања за извршени услуги од хидроградба, водоводни и колекторски приклучувања, проверка на нивна документираност соодветно нивно книжење во деловните книги на претпријатието и аналитички по комитенти,

- расходи преку прием на влезни фактури,испратници, проверка на нивна документираност, ликвидирање и соодветно нивно книжење во деловните книги на претпријатието и аналитички по комитенти,

- навремено евидентирање на платните приливи и одливи според извештаите -изводите од кореспондентните банки во координација со АОП и благајните,
- навремено евидентирање на касовите извештаи од благајните,
- навремена пресметка на плата според пресметковните извештаи од Персоналното одделение и соодветно книжење, соодветно книжење на договорни вработени и соодветни на нив даноци,
- навремена пресметка на Данокот на Додадена вредност и ползување на предностите кој тој ги дава од аспект на навременоста во евиденционата дисциплина на сметководствените документи, евиденционо подготовување на Месечниот Даночен Биланс,
- навремено подготвување на Извештаи до соодветни служби за Статистика утврдени како обврска со Закон,
- подготовка на платежни документи,
- секојмесечна проверка на состојби по конта и корекции согласно принципот "исправка согласно датумот и времето на констатирање на сметководствена грешка",
- секојмесечна проверка на состојби по комитенти и соодветно на ова преземање на постапки за компензационо регулирање на меѓусебните побарувања и обврски со комитентите, неопходни телефонско-факсови и на лице место слагања со комитенти, сочинување на Записник-извештај архивски забележан, се со цел за уредно евидентирање на сметководствените настани и помагање во наплатата директно и индиректно,
- преземање мерки за заштита на рочноста и навременоста на побарувањата на ЈП Водовод Охрид во корелација со подготовка на навремен Предлог за заштита на побарувањата до Администраивен сектор-Правно оделение,
- дефинитивна тромесечна, шестомесечна, деветомесечна контрола и проверка на веродостојноста на искнижаните документи пред подготовка на соодветните квартални Извештаи,
- подготовка на Извештаи за наплатени побарувања по тужби, плаќања или непридржување на плаќања по договори на рати до соодветните служби надлежни за овие прашања,
- учество во подготовка на Извештаи за потребите на Менаџментот, основачите на ЈП Водовод Охрид, Надзорниот и Управниот Одбор, ресорните министерства, банки и странски донатори
- учество во подготовка на Предлог планот за буџет за секоја наредна година, Подготовка на Бизнис план и негови остварувања по години,
- подготовка на Завршната сметка и Годишен Извештај на ЈП Водовод Охрид согласно делокругот и одговорностите во работата.

_Норматив:_ сите закони со кои се регулира финансиското работење, Статут на ЈП Водовод Охрид, Правилникот за систематизација на работни места на ЈП Водовод Охрид, Сметководствената политика 2020 на ЈП Водовод Охрид, Програмите за работа на ЈП Водовод Охрид, Колективниот Договор на ЈП Водовод Охрид, ЗРО, ЗАСл, ЗТД, ЗОО, и нивни идни дополненија кои се однесуваат на ЈП Водовод Охрид како јавно претпријатие.

**2. Одделение за план и анализа**

- познавање, контролирање на примената на позитивните законски прописи во финансискиото, правното и техничкото работење,
- анализа на приходи и расходи, средствата и капитал и обврски на ЈП Водовод Охрид поткрепено со секојмесечни анализи и Извештаи,
- анализа на фактурирање и наплата поткрепено со секојмесечни анализи и Извештаи,
- подготовка на Буџет на претпријатието и План за работа за наредни периоди на ЈП Водовод Охрид,
- учество во подготовка на Бизнис планови и Извештаи за нивно остварување,
- навремена подготовка на Извештаи за државни органи, соодветни служби за Статистика утврдени како обврска со Закон,
- активно помагање при пописот во РЕ Водовод Охрид,
- учество во подготовка на Извештаи за тромесечно, шестомесечно, деветомесечно финансиско работење на ЈП Водовод Охрид,
- активно учество во подготовка на изработката на Завршната сметка и Годишниот Извештај ЈП Водовод Охрид и сл.,

*Норматив:* сите закони со кои се регулира финансиското работење, Статут на ЈП Водовод Охрид, Правилникот за систематизација на работни места на ЈП Водовод Охрид, Сметководствената политика 2020 на ЈП Водовод Охрид, Програмите за работа на ЈП Водовод Охрид, Колективниот Договор на ЈП Водовод Охрид, ЗРО, ЗАСл, ЗТД, ЗОО, ЗЈН и нивни идни дополненија кои се однесуваат на ЈП Водовод Охрид како јавно претпријатие.

**3-5. Одделение за Наплата**

Оделението за наплата го сочинуваат·

1 Оделение за наплата по правни лица,
2. Оделение за наплата по физички лица и
3. Оделение за присилна наплата.

Активности и задачи:

- соодветно ажурирање на податоците на физичките и правните лица,- организирање на навремено читање на водомерните броила по реони и подготовка на читачките листи,
- читање на водомери, фактурирање и наплата на истите, (краен рок за поднесување на читачките листи до АОП е 20ти во месецот),
- утврдување и внесување во АОП на вистински број на водомерното броило,
- ажурирање на купувачите по реони преку анализа и пречистување на реоните со купувачи од аспект на постојни и непостојни лица/фирми, активности за наплата кај истите по редовен или принуден начин
- анализа и контрола на месечното фактурирање по потрошувачи реони/ фирми,
- евиденција на непостоење на водомер кај потрошувачот, застанат водомер или неисправен водомер, промена на водомери, нововградени водомери, новоприклучени водомери како и пријава и одјава на потрошувачи - дирекно на соодветниот Раководител на оделение за натамошна постапка,
- контрола на правилно или неправилно приклучени објекти на водоводна и канализациона мрежа,
- организирање и спроведување на наплата по индустрија и постојано зголемување на наплатата,
- давање предлози, сугестии и искуства во поглед на зголемувањето на фактурирањето и наплатата по лица и по фирми, неопходни редовни или ад-хок контроли од наплатните,
- подготовка на тужбени предлози,
- други активности кои ке произлезат од работењето а со цел за подобрување на ажурирањето на податоците на корисниците, зголемување на фактурирањето и наплатата со писмена Наредба или како Заклучок при средба со Наплатното оделение.

*Норматив:* сите закони со кои се регулира финансиското работење, Статут на ЈП Водовод Охрид, Правилникот за систематизација на работни места на ЈП Водовод Охрид, Сметководствената политика 2020 на ЈП Водовод Охрид, Програмите за работа на ЈП Водовод Охрид, Колективниот Договор на ЈП Водовод Охрид, ЗРО, ЗАСл, ЗТД, ЗОО, и нивни идни дополненија кои се однесуваат на ЈП Водовод Охрид како јавно претпријатие.

**6. Оделение за Автоматска обработка на податоци (АОП)**

Одделението за автоматска обработка на податоците претставува едно од клучните одделенија во претпријатието со оглед на фактот дека живееме во ерата на компјутерите и ИТ технологија во поглед на

- ажурирање на податоци добиени од терен и нивна обработка -внес на податоци како за физички така и за правни лица, нивна обработка, печатење на истите (сметки и фактури) и иницијализација.
- секојдневна евиденција на уплати од пошта, банки, благајна, и електронски уплати,
- аналитичка евиденција по потрошувач (за матични податоци, фактурирано, сторнирано и наплатено, физички обем.)
- изработка на месечни и годишни извештаи за фактурирани, наплатени, ненаплатени и сторнирани метри кубни вода, како и други видови извештаи зависно од потребите
- имплементирањето на новиот хардверски и софтверски систем и постојано работи на надградување на истиот и
- подршка на целокупното организирање-одржување и непрекинато функционирање софтверскиот и хардверскиот систем на ЈП Водовод Охрид.

**Императив:**

- Имплементација на современи интегрирани ИТ решенија, кои ќе овозможат интерна комуникација, ефикасност и ефективност во работата на претпријатието,
- Натамошно примена на апликација за мобилни телефони како нова услуга со цел олеснување на евиденцијата и плаќањето на сметките од страна на потрошувачите,
- Употреба на просторните податоци за инфраструктурните објекти прибрани за спроведување на законска обврска, како основа за формирање на база на просторни податоци, прилагодување на постојните ИТ решенија и развивање на комплементарен сгемент на атрибутни податоци со цел развивање на современа ГИС платформа ( што би водело во искористување на средствата потребни за исполнување на законската обврска во осовременување и интегрирање на ИТ решенијата кои директно ќе влијаат на ефикасното управување со водоснабдителниот систем, наплатата на услугите и ќе овозможи поголем приход за претпријатието).
- Продолжување на обуката за имплементација на ГИЗ платформа и доквалификација за управување со инфраструктурните средства на современ начин, попис на цела инфраструктура, имот, констатирање и евиденција на виталноста на ентитетите и лоцирање на клучниот проблем на претпријатието-техничка и комерцијална загуба.
- Целосна покриеност со мониторинг опрема со цел зголемување на контролата и сигурноста на целата инфраструктура т.е имплементирање на новите светски трендови на софистицирано компјутерско работење со цел подобрување на услугите на потрошувачите и подобрување на општата економска сосотојба на претпријатието.

*Норматив:* сите закони со кои се регулира финансиското работење, Статут на ЈП Водовод Охрид, Правилникот за систематизација на работни места на ЈП Водовод Охрид, Сметководствената политика 2020 на ЈП Водовод Охрид, Програмите за работа на ЈП Водовод Охрид, Колективниот Договор на ЈП Водовод Охрид, ЗРО, ЗАСл, ЗТД, ЗОО, и нивни идни дополненија кои се однесуваат на ЈП Водовод Охрид како јавно претпријатие.

**7. Одделение за Јавни набавки:**

- Оделнието за јавни набавки во целост е одговорно за почитување и спроведување на Законитоста на работењето на ЈП Водовод Охрид согласно ЗЈН и Актите на ЈП Водовод Охрид.

- најдиректно учество во подготвувањето на Планот за Јавни набавки за секоја наредна година кој се усвојува од Управниот Одбор на ЈП Водовод Охрид.
- учество и припрема на спецификациите за потребни материјали подготвени од секторите корисници на материјалите,
- најцелисходна примена на Законот за Јавни набавки особено во полето на:
  - сочинување на предлози до до Раководителот на Финансиски Сектор и Комисијата за ЈН и од неопходни тендери за набавки по видови неопходни набавки,
  - дефинирање на процедурите и постапките за набавка согласно ЗЈН,
  - сочинување на целокупната документација за Јавна набавка согласно ЗЈН,
  - навременост на набавка и распишување на отворените повици за набавка,
  - партиципирање во разгледување на тендерски документи по повик од Комисијата за ЈН на ЈП Водовод Охрид како искусни познавачи,
  - квалитетно евиденционо-регистраторско водење на документацијата по сите набавки
- контрола на влезните фактури, оверка на нивна усогласеност со ЗЈН,
- контрола на прием и издавање на материјали,
- контрола на квалитет на набавки и рок на испораки,
- контрола на набавни / фактурираните цени од законската постапка за набавка ,
- контрола и враќање на неквалитетни материјали и приговарање за неадекватни цени, преземање на секакви чекори за континуитет на набавката во вакви услови,
- навремено евидентирање и комплетирање на фактурите и доставување до сметководствено одделение,
- активно пратење на вредносното исполнување на набавката,
- контрола на магацинското работење, изведување интервентни пописи и Годишен попис,
- контрола на ниво на залихи и одржување на минимални залихи,
- активно партиципирање и пронаоѓање на корисни начини во подмирување на обврските кон добавувачите,

*Норматив:* сите закони со кои се регулира финансиското работење, Статут на ЈП Водовод Охрид, Правилникот за систематизација на работни места на ЈП Водовод Охрид, Сметководствената политика 2020 на ЈП Водовод Охрид, Програмите за работа на ЈП Водовод Охрид, Колективниот Договор на ЈП Водовод Охрид, ЗРО, ЗАСл, ЗТД, ЗОО, ЗЈН, и нивни идни дополненија кои се однесуваат на ЈП Водовод Охрид како јавно претпријатие.

Изработил
Раководител на Сектор за Финансии, Сметководство и Комерција
дипл.екк.Несторoски Никола

## III. Сектор за водоснабдителни објекти, производство и третман на водата за пиење

### 1. Општо

Од системот за водоснабдување на Охрид се врши водоснабдување на: градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св. Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Елешец, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на езерото.
Од локални водоводи се снабдуваат населените места с. Велгошти и с. Трпејца, а со Одлука на Советот на Општина Охрид се управува и со: системот за водоснабдување во с. Љубаништа со одлука од 31.03.2006 г., системот за водоснабдување на с. Лескоец со одлука од 14.03.2008 г., системот за водоснабдување на с. Горно Лакочереј со одлука од 05.08.2008 г., системот за водоснабдување на с. Вапила со одлука од 28.01.2010 г., системот за водоснабдување на с. Ливоишта со одлука од 28.01.2010 г., и со системот за водоснабдување на Долно Лакочереј со одлука од 30.10.2018 г Вкупниот број на жители кои се водоснабдуваат изнесува околу 49.568 (според попис 2021).

Како изворишта на вода се користат· Охридско Езеро со зафатот кај хотел Метропол, Билјанини Извори, подземна вода од Беј Бунар, Летнички Извори од Рамне, извор Св. Илија од Велгошти, подземна вода во близина на Коселска Река кај Орман и извори кај Лескоец и др. Селото Долно Лакочереј за водоснабдување го користи изворот Баник и дупчен бунар во објектот на Градинар.

Поголемиот дел од водата доаѓа со пумпање, а само од Летничките Извори и изворите од Велгошти и Лескоец се доведуваат по пат на гравитација. Водата од Охридското Езеро се користи после пречистување со мрежести микро филтри поставени во пумпената станица.

Пумпаната и гравитационата вода се доведуваат во високо поставениот резервоар лоциран над Студенчишта, а од таму водата се доведува во резервоарите за ниска зона.

Во деновите со максимална потрошувачка на вода во водоводната мрежа се доведува околу 450 л/с, а деновите со минимална потрошувачка на вода потребите се задоволуваат со 220 л/с.

Водоводната мрежа според последните интервенции концепцијата е поделена на три висински зони и тоа:

- ниска зона која ја опфаќа урбаната површина од нискиот дел на градот
- средна зона која ја опфаќа периферијата на градот и туристичките локалитети од н. Рача до с. Пештани.
- висока зона која го покрива високиот дел на Стариот дел на градот

За ниската зона се изградени два резервоари со запремина по 1000 $m^3$ од кои едниот е кај големиот резервоар над Беј Бунар со кота над максимално ниво од 755 мнв., а другиот е лоциран во месноста Орман од спротивната страна на градот на кота 743.5 мнв. Во резервоарот во Орман се доведува вода од бунарите Орман, покрај Коселска Река.
За средната зона се користи големиот резервоар Студенчишта кој е поставен на кота 775 мнв. и има запремнина од 3500 $m^3$

За обезбедување на вода за високата зона изградена е пумпена станица од северната страна на калето и резервоар на Калето со запремнина од 500 $m^3$ на кота од 795 мнв.

За водоснабдување на Лескоец изграден е доводен цевковод Ø150 mm кој е поврзан со водоводната мрежа од Охрид од водоснабдителниот систем како средна зона. На овој цевковод е надоврзано и селото Горно Лакочереј. Поради несовесно користење на водата од страна на жителите на Горно Лакочереј и Лескоец за наводнување, доаѓа до намален притисок и недостаток на вода, особено во летниот период.

Работните активности и задачи на Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на водата за пиење воглавно се однесуваат за експлоатација и одржување на капацитетите на сите објекти за уредно водоснабдување (изворишта, пумпни и хлоринаторски станици, резервоари и дистрибутивна мрежа со сите пропратни елементи).

Расположивиот капацитет на објектите од водоснабдителниот систем на градот Охрид и околните населени места во периодот 01.07.-30.09.2024 г обезбедуваше уредно и редовно водоснабдување без застои согласно планираните показатели. Исклучоци во редовното водоснабдување во во периодот 01.07.-30.09.2024 г имаше:

- Во периодот 27.07-04.08.2024 г поради намалената издашност на изворите поради долг сушен период и енормно зголемена потрошувачка на вода во шпицот на сезоната, неколку пати во периодот 18:00-21:00 часот се јави недостаток на вода во повисоките делови од градот и повисоките катови во колективните стамбени објекти;

## 1.1. Извори на вода, каптажи, пумпни станици и бунарски подрачја.

- Извори по гравитација (Летница, Биглишта, Поник и Св.Илија) со просечна издашност од $Q_{ср/год.}$ = 64 л/с.
- Со пумпање од бунарите Студенчишта и Билјанини Извори просечно годишно $Q_{ср/год.}$ = 135 л/с.
- Од бунари Орман $Q_{ср/год.}$ = 80 л/с.
- Со пумпање од Охрид. Езеро(само во лето)$Q_{инст.}$ = 200 л/с.
- Од Охридското Езеро за с.Трпејца само со пумпање $Q_{ср}$ = 4 л/с
- Од локални извори за с. Љубаништа по гравитација Qср= 2 Iл/с и со пумпање $Q_{ср}$=5 л/с
- Од локалните извори гравитационо с.Лескоец $Q_{ср}$=4 л/с
- Од бунар во с. Вапила за с. Вапила, Ливоишта $Q_{ср}$=2 л/с
- Горно Лакочереј $Q_{ср}$=2 л/с
- Од извор Баник и бунар за Долно Лакочереј со пумпање $Q_{ср}$=5 л/с

## 1.2. Пумпни станици

Водоснабдителниот систем на Охрид во поголемиот дел од годината скоро целото водоснабдување го врши со пумпање или препумпување на водата до корисниците за што се потребни дополнителни средства за нивно одржување и потрошена ел. енергија која што во месец август 2022 г достигна 21 000 000,00 ден.
Инсталираниот капацитет на пумпните станици изнесува околу 1120 Kw, а тоа се: ПС Студенчишта, ПС Студенчишта бунари; бунари Орман; ПС Метропол; ПС Беј Бунар; ПС Дрвара; ПС Долно Коњско; ПС Трпејца; ПС Љубаништа; ПС Орман; хидро станица Елшани; хидро станица Лескоец; хидро станици Рача, Рача1 и Стобекс, ПС и бунар Долно Лакочереј, бунар Вапила.

## 1.3. Хлоринаторски станици

**Течен хлор**

Со течен хлор се третира водата во хлоринаторска станица Метропол и резервоар Студенчишта (високо ниво).

**Натриум хипохлорид**

Со натриум хипохлорид се третира водата во Љубаништа, Трпејца, Рамне, Велгошти, Лескоец, Вапила, Долно Лакочереј и резервоар Орман.

Експлоатираниот капацитет на хлор е околу 1 кг хлор/час, во зависност од периодот и потрошувачката на вода.

## 1.4. Резервоари

За израмнување на часовната нерамномерност во системот за водоснабдување на Охрид изградени се резервоари со вкупна запремнина од 7920 $m^3$ на следните локации:

| | |
|---|---|
| Резервоар Студенчишта (високо ниво) | 3500 $m^3$ |
| Резервоар Студенчишта (ниско ниво) | 1000 $m^3$ |
| Резервоар Чекоштина (ниско ниво) | 1000 $m^3$ |
| Резервоар Чекоштина (високо ниво) | 100 $m^3$ |
| Резервоар Самоилова Тврдина | 500 $m^3$ |
| Резервоар Беј Бунар | 100 $m^3$ |
| Резервоар Долно Коњско и Исток | 100 $m^3$ |
| Резервоари Велгошти (100+260) | 360 $m^3$ |
| Резервоар Пештани | 160 $m^3$ |
| Резервоар Трпејца | 160 $m^3$ |
| Резервоар Рача (висока зона) | 140 $m^3$ |
| Резервоари Љубаништа (70+80) | 150 $m^3$ |
| Резервоари Лескоец (150+100) | 250 $m^3$ |
| Резервоар Вапила | 120 $m^3$ |
| Резервоар Долно Лакочереј | 280 $m^3$ |
| **Вкупно** | **7920 $m^3$** |

Резервоарот во с. Горно Лакочереј со капацитет од 100 $m^3$, поради неквалитетната изведба и слаб квалитет на материјалот, истиот е целосно уништен и неупотреблив, па во текот на 2022 г од страна на Општина Охрид се преземени активности за негова санација. Истиот сеуште не е предаден во употреба/владение на ЈП “Водовод” – Охрид.

## 1.5. Цевководи (дистрибутивна мрежа)

Цевководите во сиситемот за водоснабдување на Охрид се изработени од различен вид на материјали (лиено-железни, челични, азбестно-цементни, ПВЦ цевки, ПЕ цевки, челични, поцинковани, дуктилно железо и др.) и со различни профили од ∅ 1/2 " - ∅ 711 mm, со вкупна должина на мрежата од системот од околу 216 km.

Своето работење за водоснабдување на Охрид ЈП Водовод го извршува континуирано во периодот 01.07.-30.09.2024 г., односно, секој месец континуирано врши тековно одржување на водоводната мрежа и пропратните хидротехнички објекти на мрежата со навремено и квалитетно санирање на дефектите. Активностите за редовно одржување на водоводната мрежа со сите пропратни објекти на истата во периодот 01.07.-30.09.2024 г се извршува непречено и ефикасно со ангажирање на сите релевантни фактори за чие нормално функционирање е остварено во координација на сите сектори.

Системски преглед на мрежата:

| Р.бр. | Вид на работа | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Периодична контрола на мрежата | m' | 216 000 |
| 2 | Контрола на водоводни арматури | бр | 1878 |
| 3 | Контрола на пожарни хидранти (П.Х.) | бр | 101 |
| 4 | Контрола на воздушни вентили (В.В.) | бр | 11 |
| 5 | Контрола на шиберни шахти и уградбени гарнитури | бр | 1153 |

Редовно одржување на мрежата:

| Р.бр. | Вид на работа | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Поправка на улични дефекти на водоводни цевки | бр | 155 |
| 2 | Поправка на дефекти на приклучоци | бр | 58 |
| 3 | Поправка на воздушни вентили, на засуни, испусти и пожарни хидранти | бр | 32 |
| 4 | Промивање на водоводната мрежа | бр | По потреба |

### 1.6. Надзор

Покрај редовните активности за одржување, изградба и реконструкција на водоводни линии, Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на водата, врши надзор врз зафати за изградба на нови и реконструкција на постоечки водоводни линии и постројки во системот изведувани од други изведувачи во рамките на водоснабдителните системи под надлежност на ЈП "Водовод" – Охрид, а се финансирани од домашни и меѓународни финансиери.

## 2. Активности на секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење во периодот

Според новата организациона поставеност на претпријатието, според која се формира Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење, организационата поставеност на Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење при ЈП "Водовод" – Охрид е следен:

1 Одделение за технички работи и услуги;

2. Одделение за електро-машински работи;

3. Одделение за одржување, реконструкција на водоводна мрежа, баждарница и приклучоци. Во ова одделение спаѓаат и следните оддели:

- Оддел за приклучоци;
- Оддел за водомерна работилница;

4. Одделение за механизација и возила

5. Одделение за обезбедување и ПП заштита

## 2.1. Одделение за технички работи и услуги

Во Одделението за технички работи и услуги се изработува техничка документација за водоводни објекти кои што се во состав на работењето на ЈП "Водовод" – Охрид и Локалната самоуправа на Охрид. Исто така во одделението се врши и компјутерска обработка за сите потреби во Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење.

Во периодот 01.07.-30.09.2024 г основните дејности на одделението за технички работи и услуги беа издавање решенија за приклучоци, изготвување на хидротехничките услови за индивидуални објекти, индустриски објекти и други видови објекти, како и изготвување на предмер пресметки за работи кои ги врши ЈП "Водовод" – Охрид за сопствени потреби на Локалната самоуправа на Охрид.

| | | |
|---|---|---|
| Предмер пресметки | бр. | 68 |
| Проекти | бр. | 2 |
| Хидротехнички услови | бр. | 8 |
| Изработени ситуации | бр. | 1 |
| Доставување на информации, податоци и мислења преку системот е-урбанизам (според Член 47 од Законот за урбанистичко планирање, Сл. вес. бр. 32/20) | бр. | 15 |
| Доставување на информации, податоци и мислења преку пошта (според Член 47 од Законот за урбанистичко планирање, Сл. вес. бр. 32/20) | бр. | 5 |
| Изработени Auto CAD цртежи | бр. | 52 |
| Произнесување во врска со Барања преку системот е-одобрение за градење, повеќето повторени поради измени во тек на гарадба (според Член 59-в од Законот за градење) | бр. | 64 |
| Решенија за приклучок | бр. | 13 |

## 2.2. Одделение за електро-машински работи

Во надлежност на Одделението за електро-машински работи покрај одржувањето на електро-машинските постројки, спаѓа и третманот на водата за пиење.

**Исправност на водата за пиење**

Секојдневното вршење контрола на содржината на резидуален хлор во водата за пиење на одредени мерни места низ градот и околните населени места од кои периферните делови на градот Охрид се снабдуваат со вода за пиење (Велгошти, Орман и Лескоец).

Во периодот 01.07.-30.09.2024 г направени се 576 мерења на содржината на резидуален хлор во водата за пиење во градот Охрид и околните населени места. Поради отсуство на резидуален хлор (според Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл. вес. на РМ бр. 183/2018)), неисправни биле 9 мостри (примероци) на вода за пиење кои што се однесуваат следните мерни места: 1 примерок во с. Лескоец – Скребатска Маала, 1 примерок во с. Долно Лакочереј, 1 примерок од БП "ОКТА" на бул. "Туристичка", 3 примероци на вода од ресторанот "Билјанини Извори" и 3 примероци на вода од фонтаната во дирекцијата на ЈП "Водовод" - Охрид.

Во населените места Љубаништа, Трпејца и Вапила кои што имаат сопствен систем за водоснабдување, мерењето на содржината на резидуален хлор го вршат наши вработени кои што го вршат хлорирањето на водата во овие водоснабдителни системи

Од страна на ЈЗУ “Центар за Јавно здравје” - Охрид согласно Правилникот за барањата за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.весник на РМ бр.183/2018) во периодот 01.07.-30.09.2024 г извршени се анализи на 141 мостра од системот за водоснабдување и тоа просечно по 10 мостри неделно. Од нив 2 мостри биле неисправни поради намалена содржина на резидуален хлор во водата за пиење која што изнесува 0,1 $mg/dm^3$ и се однесуваат на мерно место с. Лескоец и ресторанот “Билјанини Извори” Според Правилникот за барањата за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.весник на РМ бр.183/2018), содржината на резидуален хлор во водата за пиење треба да биде од 0,2-0,5 $mg/dm^3$

На мострите во ЈЗУ Центар за јавно здравје – Охрид се испитуваат следните параметри:

- Основен преглед на вода (микробиолошки)
- Основни преглед на вода (физичко – хемиска)
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење

Во Секторот водоснабдување се врши и контрола на здравствената исправност на водата во Институтот за јавно здравје на РСМ – Скопје каде што два пати годишно се носат мостри на вода за периодична анализа.

На 15.08.2024 г во Институтот за јавно здравје на РСМ – Скопје е однесена вода за периодична анализа од следните изворишта: Летница, бунари Студенчишта, бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридското Езеро кај усисната корпа пред ПС “Метропол” Од добиените резултати се гледа дека водата од сите изворишта е исправна за пиење и одговара на постоечките законски прописи.

За мострите испратени во Институтот за јавно здравје на РСМ – Скопје се врши анализа согласно Правилникот за барањата за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.весник на РМ бр.183/2018) за следните параметри:

- Голема физичко хемиска анализа за одредување на присуство на токсини и тешки метали.
- Паразитолошки преглед на водата за пиење
- Анализа за присуство на пестициди во водата
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи

**Електро-машинско одржување**

Во периодот 01.07.-30.09.2024 г покрај редовните активности за одржување на постројките, во ова одделение може да се издвојат и санациите:

1 Целосна замена на електрична инсталација и поправка на систем за хлорирање во ПС “Трпејца”;

2. Изгорен мотор на бунар “Орман, P= 37 kW”;

3. Замена на неповратна клапна Ø 80 мм во ПС “Коњско”;

4. Замена на прегорена пумпа “ВИЛО” P=63 kW со нова пумпа, поправка на расипан кран и поправка на систем за хлорирање во ПС “Метропол”;

5. Замена на неповратна клапна во хидростаница “Рача”;

6. Поправка на систем за хлорирање на резервоар “Студенчишта” (високо ниво) од 3 500 $м^3$;

7 Санација на доводен кабел (заедно со екипа на “ЕВН Македонија”) на бунари “Орман”

**2.3. Одделение за одржување, реконструкција на водоводна мрежа, баждарница и приклучоци**

Ова одделение претставува главен оперативен двигател на ЈП “Водовод” – Охрид. За поефикасно функционирање во ова одделение се додадени и два оддела: Оддел за приклучоци и Оддел за водомерна работилница.
Број на дефекти кои што се отстранети во водоснабдителните системи:

| | | |
|---|---|---|
| Јули | бр. | 96 |
| Август | бр. | 76 |
| Септември | бр. | 73 |
| **Вкупно** | **бр.** | **245** |

Во периодот 01.07.-30.09.2024 г се изградени водоводни линии и дадени се услуги финансирани од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при Општина Охрид во вредност 107 722 ден со потпишани договори за кои што се изработени соодветни ситуации:

| **Име** | **Вредност** |
|---|---|
| Девијација на водоводна линија на бул. "Туристичка" (комплекс кај "Лукоил") | 107 722 |
| **Вкупно*** | **107 722** |

* Поради туристичката сезона, во периодот 01.07-31.08.2024 г., акцентот беше ставен на одржување на водоводната мрежа

Во периодот 01.07.-30.09.2024 г., според потпишани договори со Секторот за комунални дејности, улици и сообраќај при Општина Охрид, активно се работи на еден поголем зафат·

1 Водоводна линија за објект Старечки Дом (населба Даљан) со вредност на договор од 4 725 661 ден.
Ова одделение располага со механизација која што во моментов се состои од:

| | | |
|---|---|---|
| Комбиниран ровокопач-натоварувач | бр. | 2 |
| Товарно моторно возило ТАМ | бр. | 1 |
| Машина за сечење на асфалт | бр. | 1 |
| Електричен кршач | бр. | 1 |
| Машина за челно заварување на ПЕ цевки | бр. | 1 |
| Апарат за електрофузионо заварување на ПЕ цевки | бр. | 1 |
| Бензинска моторна пила за сечење бетон | бр. | 1 |
| Вибронабивач (жабица) | бр. | 1 |
| Мобилен агрегат, DF 3000 H, 3kV/2 | бр. | 1 |
| Минибагер JANMAR SV16 | бр. | 1 |
| Товарно возило Мерцедес кипер/хијап со носивост од 6 $m^3$ | бр. | 1 |
| Дизел електричен агрегат EMSA тип E YD EG 0017, 17 kVA, во приколка | бр. | 1 |
| Камион кипер со двојна кабина ISUZU P75 5.2 CREW | бр. | 1 |

### 2.3.1. Оддел за водомерна работилница (баждарница)

Во Одделот за водомерна работилница се предвидени следните активности:

- Проверка на исправноста на сите водомерни броила
- Редовна замена на водомерни броила со регистрирано големо количество на потрошена вода
- Навремена демонтажа и монтажа на водомери врз база на рекламации од страна на потрошувачите
- Редовно сервисирање и баждарење на демонтираните водомери
- Поправка на вентили во водомерните шахти од сите профили кај корисниците

Во периодот 01.07.-30.09.2024 г Одделот за водомерна работилница изврши интервенции кај водомерни шахти од сите профили и се направени следните зафати:

| | | |
|---|---|---|
| Демонтажа и монтажа на водомери (застанати водомери, пукнато стакло, заматено стакло, пукнат капак и баждарење на истите) | бр. | 81 |
| Демонтажа и монтажа на шибери и поправка на истите | бр. | 143 |
| Демонтажа и монтажа на холендари и поправка на истите | бр. | 33 |
| Демонтажа и монтажа на индустриски водомери и поправка на истите | бр. | 7 |
| Демонтажа и монтажа на индустриски шибери и поправка на истите | бр. | 6 |
| Исклучување на водомери/времени приклучоци | бр. | 5 |
| Преприклучување | бр. | 0 |
| Сервисирање, контрола и баждарење на водомери 1/2, 3/4 | бр. | 6 |
| Констатиран дефект на инсталација после водомер | бр. | 1 |
| Прифаќање на водомерно броило | бр. | 0 |
| Разно | бр. | 42 |
| Пилот програма – поставување на водомери со далечинско отчитување | бр. | 0 |

### 2.3.2. Оддел за приклучоци

Во периодот 01.07.-30.09.2024 г се изведуваа и нови приклучоци на водоводна мрежа за колективни индустриски објекти, како и евидентирање на нови водомери на колективните станбени згради и приклучоци на индивидуални куќи.
Приклучоци за колективни и индустриски објекти во периодот 01.07.-30.09.2024 г..

| | | |
|---|---|---|
| ø 100 m | бр. | 1 |
| ø 80 mm | бр. | 0 |
| ø 50 mm | бр. | 0 |
| ø 2“ | бр. | 1 |
| ø 6/4 | бр. | 0 |
| ø 5/4 | бр. | 0 |
| ø 1“ | бр. | 0 |
| Приклучоци и монтажа на нови водомери и евидентирање на нови водомери во станбени згради Ø 1/2” - 3/4” | бр. | 21 |
| Дислокации на водомери, водоводни линии и преприклучувања | бр. | 3 |
| Евидентирање на водомерно броило | бр. | 9 |

* Поради туристичката сезона, во периодот 01.07-31.08.2024 г не се изведуваа приклучоци на водоводната мрежа

**2.4. Одделение за механизација и возила**

Задачите на одделението за механизација и возила произлегуваат од потребите за транспорт на работници и материјал, услуги од патнички, товарни и специјални возила и градежни машини кои што се неопходни во работата на сите сектори во претпријатието. Возилата и машините редовно се експлоатираат според потребите на одделенијата и се комбинираат поради ефективност и економичност

Во во периодот 01.07.-30.09.2024 г е извршено редовно сервисирање на возилата и машините како: замена на масло, филтри, хидраулични црева и масла, поправка на кочници и сл. Во овој период е извршена и регистрација на возилата за кои што е пројавена потреба за да се изврши истата. Извршена е набавка и монтажа на нови федер платна комплет со пружини на заден трап на камион кипер/хијап марка Мерцедес

**2.5. Одделение за обезбедување и ПП заштита**

Одделението за обезбедување и ПП заштита во периодот 01.07.-30.09.2024 г вршеше 24 часовно обезбедување на каптажите, бунарите, резервоарите, пумпните станици и др. објекти во сопственост на претпријатието.

Раководител на Секторот за водоснабдителни
објекти, производство и третман на вода за пиење

Љубе Трајановски, Дипл. гр. инг.

ЈП Водовод Охрид
Директор
Марјан Ристески

Изработиле:
Зарчева Славица, раков.на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
Несторoски Никола, раков. на сектор за финансии, сметк.и комерција
Трајаноски Љубе, раков.на сектор за водоснабд.објекти